**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

# ИНСТРУКЦИЈА
# ЗА ПРЕНОС НА СРЕДСТВАТА ОД ИНДИВИДУАЛНА СМЕТКА ИЛИ ПОТСМЕТКА НА ПЕНЗИСКИ ФОНД ВО ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО СЛУЧАЈ НА ИНВАЛИДНОСТ И СМРТ НА ЧЛЕН И ВРЕМЕНО РАСПРЕДЕЛЕН ОСИГУРЕНИК ВО ПЕНЗИСКИ ФОНД

Скопје, декември 2005 година

**ИНСТРУКЦИЈА**
**за пренос на средствата од индивидуална сметка**
**или подсметка на пензиски фонд**
**во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**
**во случај на инвалидност и смрт на член**
**и времено распределен осигуреник во пензиски фонд**

1. Друштвото за управување со пензиски фондови (во понатамошниот текст: друштвото), веднаш по приемот на известувањето од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот на ПИОМ) дека член на пензискиот фонд со кој управува остварил право на инвалидска пензија или починал, а членовите на неговото семејство имаат право на семејна пензија, проверува дали личните податоци на членот наведени во известувањето се во согласност со податоците од евиденцијата на индивидуалните сметки на членовите на пензискиот фонд која ја води друштвото (во натамошниот текст: евиденција) .
2. Доколку податоците од известувањето од точка 1 на оваа Инструкција не се во согласност со податоците од евиденцијата, друштвото веднаш за тоа го известува Фондот на ПИОМ.
3. Фондот на ПИОМ доставува известување корегирано во согласност со евиденцијата најдоцна во рек од една недела по добивање на известувањето од точка 2 на оваа инструкција.
4. Откако Фондот на ПИОМ ќе достави известување кое е во согласност со податоците од евиденцијата, или откако ќе достави известување корегирано во согласност со евиденцијата, друштвото го известува Фондот на ПИОМ дека известувањето е точно и истовремено му доставува податоци за вредноста на сметководствената единица, бројот на единиците и вкупната вредност на средствата на индивидуалната сметка од претходниот датум на проценка, до крајот на работниот ден во кој известувањето е примено од друштвото.
5. На првиот нареден датум на пренос што следи по датумот на прием на точното известување, друштвото дава налог на чуварот на имот за пренос на вкупната вредност на сметката на членот, пресметана врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка кој предходи на датумот на пренос во Фондот на ПИОМ.
6. По дадениот налог од друштвото и известувањето од Агенцијата за износот на средствата кои треба да се пренесат, чуварот на имот го врши преносот на средствата од сметката на пензискиот фонд на сметката на Фондот на ПИОМ.
7. Друштвото го известува Фондот на ПИОМ за пренесениот износ на средствата и за личните податоци за членот на пензискиот фонд.
8. Друштвото ја затвора индивидуалната сметка веднаш по извршувањето на преносот на средствата во Фондот на ПИОМ

9. Сите информации што се однесуваат на средствата од индивидуалната сметка или подсметка на пензискиот фонд, друштвото и Фондот на ПИОМ ги разменуваат и доставуваат до Агенцијата преку информациониот систем на Агенцијата во вид и форма определени во стручно-техничкото упатство што Агенцијата го изработува согласно Законот. Во случај на виша сила или на други оправдани технички причини, друштвото ги доставува информациите до Агенцијата на надворешен медиум.
10. Оваа Инструкција се применува и во случај на времено распределен осигуреник во пензискиот фонд кој остварил право на инвалидска пензија или починал,а членовите на неговото семејство имаат право на семејна пензија.

Бр. 02-609/5
20 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Управниот одбор
Александар Генчов, с.р.